Проектот *Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот „Не оставај никој зад себе“,*
објавува:

# П О В И К

## за доделување грантови

Референтен број: IPA/2021/428-202

Субјектите што го сочинуваат спектарот на социјални претпријатија во Република Северна Македонија се разновидни. И покрај отсуството на специфични институционални форми, некои од постојните законски акти овозможуваат основање и работа на субјекти кои можат делумно или целосно да бидат препознаени како социјални претпријатија, како што се граѓански организации, задруги, земјоделски задруги, занаетчии и занаетчиски комори како и неформалниот сектор за собирање отпад кој има потенцијал да се трансформира во социјални претпријатија.

Постоечките истражувања, потврдуваат дека социјалните претпријатија во земјава делуваат во повеќе области: земјоделство, производство на храна, туризам, енергетика, управување си отпад, обезбедување социјални услуги, а дел од нив паралелно социјално и економски зајакнуваат ранливи категории граѓани. Најголемиот дел од нив промовираат одржливи практики и нови начини на производство кои немаат негативно влијание врз општеството и животната средина, истовремено обезбедувајќи значаен придонес кон остварувањето на Глобалните цели за одржлив развој.

Во овој повик, **социјалното претпријатие** е дефинирано во согласност со критериумите на ЕУ од Иницијативата за социјален бизнис и дефиницијата поставена во рамките на усвоената Националната стратегија за социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2027):

„Оператор во социјалната економија чија главна цел е да има општествено влијание преку обезбедување на широк спектар на социјални, економски, здравствени, образовни, културни, еколошки и други производи и услуги со општествена вредност кои служат за решавање на социо-економски и еколошки предизвици; и да ја промовира социјалната благосостојба преку обезбедување добра и услуги на пазарот на иновативен и претприемачки начин, користејќи го својот профит пред сѐ за постигнување на социјални или

еколошки цели; и со кое се управува на транспарентен и одговорен начин, со вклучување на работниците, потрошувачите и страните засегнати од неговите активности во одлучувањето."

Терминот **општествена цел** се разбира во поширока смисла и вклучува обезбедување на културни, здравствени и образовни услуги, вклучително и услуги за заштита на животната средина и одржливиот развој. Станува збор за услугите од општ интерес кои покриваат широк спектар активности што имаат силно влијание врз благосостојбата и квалитетот на живот на општеството во целина. Тие може да се поврзани со инфраструктура (на пример снабдување со вода и енергија, транспорт, поштенски услуги, управување со отпад), но и со основните сектори како здравство, образование и социјална заштита. Преку промовирањето на општиот интерес кој се однесува на придобивките за општата јавност или за одредена група корисници, социјалните претпријатија ја надминуваат традиционалната ориентација да создаваат вредност само за сопствениците и акционерите.

Овој повик претставува завршна фаза и комплетирање на процесот на поддршка за развој на нови и постојните социјални претпријатија, да ја зајакне нивната економска независност преку следење на принципот „Не оставај никој зад себе", и има за цел да ги подобри оперативните капацитети и одржливост на веќе постоечките и новите социјални претпријатија и креира нови работни места за ранливите групи граѓани.

1. **Целта на повикот** е да поддржи ентитети кои делуваат на претприемачки начин, создаваат иновативни и неконвенционални решенија за тековните општествени предизвици, креираат вредност за општеството и за сите засегнати страни.

2. **Како резултат на активностите поддржани со доделениот грант,** грантистите треба да понудат иновативен концепт кој директно ги поддржува специфичните цели на проектот:
    - Основањето на нови и развој на постојните социјални претпријатија за да се обезбеди одржлив економски раст и да се подобри квалитетот на нивните услуги и производи;
    - Вработување на ранливите групи граѓани преку создавање нови и одржливи работни места следејќи го принципот – „Не оставај никој зад себе";

- Воспоставување на соработка меѓу социјални претпријатија/ГО, локалните бизниси и општините да го стимулираат зелениот економски раст, заштитата на животната средина и да ги подобрат социјалните услуги и нивното вмрежување;
- Подигнување на јавната свест за предностите на развојот на социјалните претпријатија и вклучување на ранливите групи во заедницата;

3. Финансиска поддршка:
   - Висината на секој одобрен грант може да се движи од 12.000 до 17.200 евра.
   - Висината на финансиска поддршка за вработување на лице од ранливите групи е 400 евра месечно/бруто, во траење од 10 месеци (9 лица).
   - Вкупниот буџет за овој повик изнесува 139.180,50 евра.
   - Времето на имплементирање на предлог-проектот треба да биде минимум 9 месеци, а максимум 10 месеци;
   - Активностите може да започнат на датумот наведен во договорот за грант, а треба да завршат најдоцна до 30-ти април 2023 година.
   - За предност ќе се смета доколку во исто време ентитетот вработува, работно ангажира лица од ранливи групи граѓани (лица со попречености, жртви на семејно насилство и други тешко вработливи лица).

Апликантите треба да демонстрираат одржливи практики и нови начини на производство и/или обезбедување услуги кои немаат негативно влијание врз општеството и животната средина.

Вид на квалификувани трошоци:

- Финансиска поддршка на социјалните претпријатија за набавка на потребната опрема, материјали или услуги за нивен понатамошен развој и следење на имплементацијата;
- Финансиска поддршка на социјалните претпријатија за отворање нови и одржливи работни места за ранливите групи, вклучувајќи ги трошоците за плати до 10 месеци за новоотворени работни места;
- Финансиска поддршка на социјалните претпријатија за давање стимулации за учесниците на практиканти, стажирање и менторство на невработени лица од ранливи групи;

- Финансиска поддршка на социјалните претпријатија за формирање центри за интегрирани социјални услуги во заедницата насочени кон обезбедување услуги за ресоцијализација, рехабилитација или професионална реинтеграција на ранливите лица и лицата со попреченост (купување опрема, алатки или реновирање на просторот).

4. Критериумите за подобност кои апликантот треба да ги исполни се:
   - да е здружение на граѓани основано согласно Законот за здруженија на граѓани, регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија
   - да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и/или Законот за вработување на лица со попречености и регистрирано во Централниот Регистар на Република Северна Македонија
   - да е задруга основана во согласност со Законот за задругите или Законот за земјоделските задруги, регистрирани во Центарлниот Регистар на Република Северна Македонија
   - да е занаетчија или група занатечии основани согласно Закон за занаетчиството, регистрирани во регистар на Комора на занаетчии;
   - неформални иницијативи (тимови)

*Апликантите, без разлика на нивната правна форма не смеат да се занимаваат со производство на оружје, јаглен, цигари, алхохол, како и производи кои имаат негативно влијание врз животната средина.*

Во случај кога како апликант се јавува трговско друштво, тоа треба да ги исполнува следните критериуми:
- Годишните приходи да не надминуваат 500.000 евра во денарска противредност, според завршна сметка за предходната година;
- Просечниот број на вработени да не надминува 50 лица;
- Да не е поведена стечајна постапка или постапка на ликвидација

Во случај кога како апликант се јавуваат неформални иницијативи (тимови) чиј предлог проект ја поминал фазата на селекција, апликантот е обврзан во рок од 30 календарски дена по прием на Известувањето за избор на предлог проектот,

да основа правен ентетитет кој е подобен на критериумите дефинирани во овој повик.

Во случај ако биде изгласан и ставен во функција Законот за социјално претприемништво, апликантот чиј предлог ја поминал фазата на селекција и му се доделени финансиски средства, должен е да изврши пререгистрација како Социјално претпријатие во согласност со Законот.

5. **Главните критериуми за оценување на предлог проектите се:**
   - **Претприемачка/економска димензија** (Апликантот е пазарно ориентиран, нуди производи и услуги, има јасна стратегија за продажба, дефинирана понуда, дефинирани цени и план за одржливост);
   - **Општествена димензија** (Апликантот има јасно дефинирана општествена цел и демонстрира дека придонесува кон истата. Го анализира влијанието на своите активности врз природата, заедницата, врз клиентите, партнерите и крајните корисници)
   - **Инклузивна димензија** (Апликантот има алатки и процедури со кои осигурува дека интересите на релевантните засегнати страни се соодветно застапени во процесите на донесување одлуки, има процедури за консултации и вклучување на засегнатите страни, ги вклучува вработените во донесувањето на одлуки, целосно или поголемиот дел од профитот го реинвестира во општествената мисија)

5.1 <u>Дополнителни критериуми</u>

- Апликантот го доставил својот предлог за дејствување во дадениот формат (наративен и финансиски дел) во дадениот рок, временска рамка и бараниот метод;
- Апликантот ги исполнува критериумите за подобност за добивање финансиска поддршка;
- Предложената активност одговара на списокот на активности подобни за финансиска поддршка;
- Предложената активност јасно одговара на севкупните цели, специфичните цели и очекуваните резултати од повикот;
- Буџетот е реален, релевантен, базиран на активности;
- Предложениот буџет за активноста е помеѓу минималниот и

максималниот износ за финансиска поддршка;
- Апликацијата за грант има освоено најмалку 60 поени според табелата за бодови;
- Финансискиот надоместок за лицата кои го спроведуваат проектот не надминува 30% од вкупниот буџет на бараната сума за поддршка.

## 5.2 Шема за бодување на апликациите:

| Критериум за бодување | Максимален број бодови | Минимален број бодови |
|---|---|---|
| Критериум I - Квалитет на проектна апликација и капацитет на тимот | 25 | 15 |
| Критериум II - Претприемачка димензија | 25 | 15 |
| Критериум III - Општествена димензија | 25 | 15 |
| Критериум IV - Инклузивна димензија | 25 | 15 |
| **Вкупно** | **100** | **60** |

## 6. Времетраење на проектите:

Времетраењето на имплементацијата на проектите е минимум девет (9) месеци и максимум десет (10) месеци. Апликантите се поттикнуваат да продолжат со активностите и по завршувањето на проектот и да демонстрираат одржливост на активноста.

## 7. Начин на аплицирање

### a. Потребни документи

Апликантите за грант потребно е да ги подготват и испратат следните документи:

- Формуларите дадени во прилог на овој повик, целосно и соодветно пополнети:

- Анекс 1 – Пријава за предлог проект
- Анекс 2 - Буџет за предлог проектот
- Анекс 3 - Список на референци на проекти реализирани во последните 3 години (организации помлади од 3 години - листа на проекти реализирани од нивното основање);
- Анекс 4 - Изјава за двојно финансирање;
- Анекс 5 - Листа на проверка;

• Други документи:

- Копија од решение за регистрација или тековна состојба од Централниот Регистар на Република Северна Македонија, не постари од 6 месеци од денот на аплицирање
- Годишен наративен извештај за претходната година (опционо)
- Биографии на клучниот персонал кој ќе биде вклучен во имплементацијата на проектот и за кои е предвиден финансиски надоместок од бараниот грант

## 8. Поднесување на предлог проектите

Комплетната документација наведена во делот „7.а Потребни документи" се поднесува исклучиво електронски на следната адреса: https://bit.ly/3OeEdRG (со назнака: IPA/2021/428-202 – Акроним на проектот), не подоцна од 25 јули 2022, до 16.00 часот. Документите треба да бидат пратени исклучиво во формати поддржани од Microsoft Office Word и Excel и .PDF или .JPG доколку станува збор за скенирани документи. Документите не треба да надминуваат тежина од 15MB.

Јазик за пополнување на документите – македонски или англиски.

**Забелешка**: Секоја организација може да поднесе само една апликација, која останува како евиденција за Проектот и е недостапна за трети лица.

Апликациите кои нема да ги исполнат следните услови, нема да бидат земени во предвид и веднаш ќе бидат отфрлени од процесот на понатамошно разгледување од Комисијата за избор:

• Документацијата не е комплетна и/или не соодветствува на бараната од точка „7.а Потребни документи" на овој повик;

• Пријавата за предлог проектот и/или образецот за буџет за предлог проектот не се точно и целосно пополнети и/или не ги вклучуваат бараните податоци;

• Поднесувањето на предлог проектот е извршено по истекот на крајниот рок наведен во точка „8 Поднесување на предлог проектите“ во овој повик;
• Побараната финансиска поддршка е помала од 12.000 евра, односно е поголема од 17.200 евра (наведено во точка „3. Финансиска поддршка“ од овој повик);
• Предлог проектите испратени по пошта или доставени на рака, нема да бидат земени во предвид во процесот на понатамошно разгледување од страна на Комисијата за избор.

9. Рокови за аплицирање
   - **Отворање на повикот:** 24 јуни 2022
   - **Краен рок за аплицирање:** 25 јули 2022, до 16.00 часот (македонско време)

10. Индикативен календар за динамиката на повикот:
   - Поставување прашања по електронска пошта: до 14 јули 2022 на следната е-меил адреса: aleksandar.avrosievski@ceprosard.org.mk (со назнака во subject: IPA/2021/428-202 – Прашање)
   - Од страна на Проектот ќе биде организирана и информативна сесија за заинтересираните апликанти на 04 јули 2022
   - Одговори на прашањата до 20 јули 2022
   - Објавување на резултатите од повикот: до 10 август 2022
   - Склучување договори: август 2022

***Забелешка**: На овој повик не можат да учествуваат организации кои се корисници на грант од Делегацијата на Европската Унија, било како координатор или како партнер, во рамките на Годишна акциона програма за Република Северна Македонија за 2017 година - Цел 2 повик EuropeAid/171244/DD/ACT/MK*